ПП бр: 13-28 / 11
28.04.2026

Врз основа на член 9 став (3), член 10 и член 24 став (1) точка 1) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24 од 20.03.2024 година), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, во состав: М-р. Борче Размоски – претседател, Александар Тргачевски и Никола Трајчевски – членови, постапувајќи во постапката поведена по службена должност, со заклучок бр. ПП 13-28/4 од 29.01.2026 година против Друштво за трговија на мало и големо и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт - импорт Скопје, со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр. 16/1 –1, Скопје, Република Северна Македонија, претставувано од управителите Кристина Тодоровиќ Николиќ и Владимир Тодоровиќ, на седница одржана на ден 28.04.2026 година година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека Друштво за трговија на мало и големо и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт - импорт Скопје, со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр. 16/1 –1, Скопје, Република Северна Македонија, со ЕДБ 4030993244482, ЕМБС 4632729 и жиро сметка 210046327290187 во НЛБ Тутунска Банка АД Скопје, сторило прекршок од член 26 став (1) точка 2), а во врска со член 7 став (6) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24 од 20.03.2024 година), на начин што:
- во својство на купувач вршело набавка на земјоделски и прехрамбени производи од добавувачот ВИВАКС ДОО Скопје со бр. 002628, Друштвото за трговија на мало и големо и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт - импорт Скопје, а притоа не ги измирувало обврските во законски предвидениот рок од најмногу 60 денови.
Имено, на 22.01.2026 година, правното лице имало доспеани, а неплатени обврски кон наведениот добавувач постари од 60 дена во вкупен износ од 2.262.004,00 денари, со што постапило спротивно на императивната одредба од член 7 став (6) од Законот.
За сторениот прекршок, согласно член 26 став (1) точка 2) од Законот, на правното лице му се изрекува глоба во износ од 10.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.
2. Се утврдува дека, согласно член 26 став (2) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи, на одговорните лица (управители) во правното лице Друштво за трговија на мало и големо и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт - импорт Скопје, и тоа Кристина Тодоровиќ Николиќ со живеалиште на ул. „Питу Гули” бр.12, Скопје, Центар, Република Северна Македонија и Владимир Тодоровиќ со живеалиште на ул. „1694“ бр.5, Скопје, Карпош, Република Северна Македонија, им се изрекува глоба во износ од по 350,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.
3. Глобата од точка 1 и точка 2 од ова решение, сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка

на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**Образложение:**

На 22.01.2026 година, на седница на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП) врз основа на член 9, член 10 и член 19 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи (во понатамошниот текст: Законот), беше донесен Заклучок ПП бр. 13-28/1 од 22.01.2026 година за прибавување на докази на лице место во правното лице Друштво за трговија на мало и големо и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт - импорт Скопје, со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр. 16/1-мансарда 1, Скопје - Центар, Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Тинекс), поради постоење на сознание дека истите поседуваат предмети, исправи или друга документација или има сознанија кои можат да бидат од значење за утврдување на прекршок.

На 22.01.2026 година, за време на вршењето на дејствијата во Тинекс предвидени со член 19 од Законот, овластените лица од Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) се претставија и легитимираа пред присутните претставници на Тинекс и предадоа една копија од Заклучокот за прибавување податоци на лице место.

На прашање на Комисијата до присутните претставници на Тинекс дали со добавувачите на прехранбени и земјоделски производи имаат склучено договори согласно законот за нефер трговски практики, овластеното лице на Тинекс, Зорица Блажеска, одговори дека имаат склучено договори согласно Законот со сите добавувачи на земјоделски и прехрамбени производи.

На прашањето дали се придржуваат на роковите за плаќање предвидени со Законот, кој за лесно расипливи земјоделски и прехрамбени производи изнесува 30 дена, а за другите земјоделски и прехрамбени производи 60 дена, овластеното лице одговори дека кон одредени добавувачи плаќањето се врши според Законот, а кон одредени добавувачи може да се јави задоцнето плаќање. Наведеното произнесување на овластеното лице претставува индиција за постоење на фактичка состојба која е спротивна на императивните одредби од член 7 став (6) од Законот, согласно кој роковите за плаќање се строго утврдени и не зависат од деловната политика или ликвидноста на купувачот.

На прашањето дали имаат листа на добавувачи на прехрамбени и земјоделски производи, Зорица Блажеска одговори дека имаат таква листа. Истата беше побарана од страна на Комисијата и дадена на увид.

---

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

Од страна на Комисијата беше прашано дали кон следните добавувачи од приложената листа плаќањата ги извршуваат во законски предвидениот рок:
- Рудине ММ, Колид С, Даути Комерц, Витаминка Прилеп, Колид Фудс, Вивакс, Мако Маркет, ПКБ, Везешари и Горска. Овластените лица на Тинекс одговорија дека спрема добавувачите Рудине и Мако маркет обврските за плаќање се подмируваат во законски предвидениот рок од 30, односно 60 дена.
Од страна на овластените лица на Комисијата беше побарано на увид картица на отворени ставки (извод на отворени ставки)- IOS со добавувачот Витаминка Прилеп и истата беше дадена на лице место. Дополнително беше побарано да се достави доказ за плаќање на следните фактури од добавувачот Витаминка Прилеп: фактура бр.271689 од 10.06.2025 година, фактура бр.271739 од 10.06.2025 година и фактура бр.271773 од 10.06.2025 година.
Од страна на овластените лица на Комисијата беше побарано на увид картица на отворени ставки (извод на отворени ставки)-IOS со добавувачот Даути Комерц и истата беше дадена на лице место. Дополнително беше побарано да се достави доказ за плаќање на следните фактури од добавувачот Даути Комерц со бр. 391441, бр. 606740, бр.391322, бр.393004, бр.607072, бр.29862, бр.606925 и бр.606948.
Од страна на овластените лица на Комисијата беше побарано на увид картица на отворени ставки (извод на отворени ставки)-IOS со добавувачот ПКБ Скопје и истата беше дадена на лице место. Дополнително беше побарано да се достави доказ за плаќање на следните фактури од добавувачот со бр. 503434, бр.527155, бр.540431, бр.542085, бр.542165 и бр.542000.
Од страна на овластените лица на Комисијата беше побарано на увид картица на отворени ставки (извод на отворени ставки)-IOS со добавувачот Вивакс Скопје и истата беше дадена на лице место. Дополнително беше побарано да се достави доказ за плаќање на следните фактури со бр.504906, бр.504931, бр.505003, бр.505046, бр.504983 и бр.504899.
За извршените разговори и побарани податоци од Тинекс, овластените лица од Комисијата водеа Записник ПП бр.13-28/2 од 22.01.2026 година, а за прибавената документација на лице место беше составена потврда за одземена документација ПП бр.13-28/3 од 22.01.2026 година.

Согласно анализата на прибавените податоци, КОП го утврди следното:

- Тинекс од добавувачот Витаминка А.Д. Скопје, видно од ИОС НА ДОБАВУВАЧ Витаминка со броеви 020230; 000230; 023230 и со датум од 22.01.2026 година има вршено набавка на производи опфатени со Законот. КОП утврди дека обврските за плаќање на Тинекс кон Витаминка АД кои се постари од 60 денови, на ден 22.01.2026 година изнесуваат: 15.994.084,00 денари. Деталната спецификација на неплатени фактури (број, датум и износ) се содржани во Изводите на отворени ставки. Видно од споменатите изводи на отворени ставки, КОП констатираше дека староста на првите неплатени фактури изнесува преку 200 денови. Првите неплатени фактури видно од ИОС се со датум од 21.05.2025 година.
- Тинекс од добавувачот Даути Комерц Скопје, видно од ИОС НА ДОБАВУВАЧ Даути Комерц со број 000463 и со датум 22.01.2026 година има вршено набавка на производи опфатени со Законот. КОП утврди дека обврските за плаќање на Тинекс кон Даути комерц кои се постари од 60 денови, на ден 22.01.2026 година изнесуваат 2.085.523,00 денари.

Деталната спецификација на неплатени фактури (број, датум и износ) се содржани во Изводите на отворени ставки. Видно од споменатите изводи на отворени ставки, КОП констатираше дека староста на првите неплатени фактури изнесува преку 200 денови. Првите неплатени фактури видно од ИОС се со датум 13.05.2025 година. Со тоа јасно се утврдува дека доцнењето значително ги надминува законски дозволените рокови, што претставува континуирано и повторено прекршување на член 7 став (6) од Законот.

- Тинекс од добавувачот ВИВАКС ДОО Скопје, видно од ИОС НА ДОБАВУВАЧ ВИВАКС ДОО Скопје со број 002628 и со датум 22.01.2026 година. има вршено набавка на производи опфатени со Законот. КОП утврди дека обврските за плаќање на Тинекс кон ВИВАКС ДОО Скопје кои се постари од 60 денови, на ден 22.01.2026 година изнесуваат 2.262.004,00 денари. Деталната спецификација на неплатени фактури (број, датум и износ) се содржани во Изводите на отворени ставки. Првите неплатени фактури видно од ИОС се со датум 09.10.2025 година.
- Тинекс од добавувачот ПЕКАБЕСКО АД Илинден, видно од ИОС НА ДОБАВУВАЧ ПЕКАБЕСКО АД Илинден со број 000007 и со датум 22.01.2026 година има вршено набавка на производи опфатени со Законот. КОП утврди дека обврските за плаќање на Тинекс кон ПЕКАБЕСКО АД Илинден кои се постари од 60 денови, на ден 22.01.2026 година изнесуваат 2.316.793,00 денари. Деталната спецификација на неплатени фактури (број, датум и износ) се содржани во Изводите на отворени ставки. Првите неплатени фактури, видно од ИОС се со датум 14.10.2025 година.

Врз основа на горенаведеното, КОП утврди дека од страна на Тинекс во континуитет постои доцнење при извршување на обврските за плаќање кон наведените купувачи, кое ги надминува законски дозволените рокови од 60 денови предвидени во член 7 став (6) од Законот. Истото претставува евентуален прекршок од член 26 став (1) точка 2) од Законот.

На 29.01.2026 година, на седница на КОП, врз основа на член 9 став (3), член 10 и член 12, беше донесен Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр. 13-28/4 од 29.01.2026 година против Тинекс, заради што сторило евентуален прекршок од член 26 став (1) точка 2) од Законот. Заклучокот беше испратен со допис ПП бр. 13-28/5 од 29.01.2026 година.

На 10.02.2026 година, од страна на Тинекс до КОП беше доставено Произнесување по Заклучокот за поведување прекршочна постапка, со ПП бр.13-28/6 од 10.02.2026 година. Во доставеното произнесување, Тинекс го наведе следното:

Во периодот на кој се однесуваат наводите во заклучокот, друштвото се соочило со времен проблем со ликвидност, поради што дел од обврските не биле подмирени во законски предвидените рокови. Ова не било со намера да се избегнат плаќањата, туку на објективна финансиска состојба. Во меѓувреме, како што е наведено, Тинекс преземал мерки за стабилизација на ликвидноста. Според тековните проекции очекуваат целосна стабилизација и надминување на состојбата за околу 3 – 4 месеци. Во прилог на изјавата Тинекс, достави и план за плаќање на обврските кон добавувачите според предвидената динамика, почнувајќи од 16.02.2026 година до нивно целосно подмирување. На крајот од произнесувањето, бараат од КОП да го има во предвид доставениот план како сериозен предлог, да го прифати и да определи обврска да доставуваат докази за извршените уплати, а во меѓувреме постапката да мирува до истекот на рокот определен со Заклучокот. Тинекс предлага наведените околности да ги цени како олеснителни и да не

изрекува глоба, со што средствата од глобата би ги насочиле кон исплата на обврските кои ги имаат кон своите добавувачи.

На 12.03.2026 година, од страна на КОП беше донесен Заклучок со ПП бр. 13-28/7 со кој не се прифати предлогот за преземање обврски доставен од Тинекс. Предлогот беше одбиен со образложение на Комисијата дека предложените обврски од страна на Тинекс не претставуваат обврска во смисла на член 22 од законот, бидејќи со истиот не се предлагаат мерки со кои се отстранува повредата на Законот, ниту се предлагаат мерки со кои се обезбедува усогласување на идното однесување на купувачот со законските обврски. Преземените обврски се однесуваат исклучиво на план за плаќање на веќе настанати и доспеани обврски кон добавувачите во наредниот период, односно репрогамирање на исплатата на долгот. Дополнително, КОП оцени дека предложениот план не содржи конкретни и извршливи мерки за спречување на идни повреди, ниту механизми за контрола и гаранција на навремено плаќање, поради што истиот не ги исполнува критериумите за прифаќање на обврски во смисла на член 22 од Законот. Заклучокот беше доставен до Тинекс со писмо ПП бр. 13-28/8.

На 09.04.2026 година, согласно прибавените докази во дотогашниот тек на постапката, а врз основ на член 9 став (3), член 10 и член 21 од Законот, на седница на КОП беше донесено – Известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.13-28/9 од 09.04.2026 година. Известувањето беше доставено до Тинекс со допис ПП бр.13-28/10 од 09.04.2026 година.

Согласно член 21 став (2) од Законот, во врска со доставеното Известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.13-28/9, Тинекс има право писмено да се изјасни по наводите содржани во известувањето, да даде забелешки и да предложи изведување на доказите со кои располага а кои се од значење за правилно утврдување на фактичката состојба, во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето.

На ден 27.04.2026 година, КОП утврди дека Тинекс нема доставено произнесување во врска со доставеното Известување со ПП бр.13-28/9 од 09.04.2026 година. Со тоа Тинекс не го искористил своето процесно право да ги оспори наводите од известувањето, поради што истото се смета за неспорно во делот на утврдената фактичка состојба.
Имајќи ја предвид целокупно утврдената фактичка состојба, изведените докази и нивната меѓусебна поврзаност, КОП оцени дека на неспорен начин е утврдено постоење на прекршок, при што фактичките наоди се темелат на објективна документација, изјави на странката и отсуство на спротивни докази. Оттука, се исполнети сите законски услови за утврдување на прекршок од член 26 став (1) точка 2) од Законот, во врска со член 7 став (6) од истиот Закон.".

Согласно член 6 став (1) точка 3) од Законот, за значителна преговарачка моќ, односно за нефер трговски практики, согласно одредбите од Законот, при продажбата на земјоделски и прехранбени производи се сметаат, доколку добавувачите имаат годишен приход поголем од 10.000 000 евра во денарска противвредност, но не поголем од 50.000 000 евра во денарска противвредност, а купувачите имаат годишен приход поголем од 50.000 000 евра во денарска противвредност.

Во конкретниот случај, добавувачот Вивакс ДОО Скопје, има годишен приход поголем од 10.000.000 евра во денарска противвредност, но не поголем од 50.000.000 евра во денарска противвредност, додека купувачот Тинекс има годишен приход поголем од 50.000.000 евра во денарска противвредност.

Согласно член 7 став (6) од Законот, доколку договорот за снабдување од ставот (1) на овој член предвидува редовна испорака на:
- лесно расипливи земјоделски и прехранбени производи, условите и роковите за плаќање на секоја испорака од ставот (2) точка 4) на овој член не можат да бидат подоцна од 30 дена по завршувањето на договорениот период на испорака во кој е извршена или подоцна од 30 дена по датумот на кој е утврден износот во испратницата или фактурата што треба да се плати за тој период на испорака, без оглед кој од овие датуми е подоцнежен и
- други земјоделски и прехранбени производи кои не се сметаат за расипливи, условите и роковите за плаќање на секоја испорака од ставот (2) точка 4) на овој член не можат да бидат подоцна од 60 дена по завршувањето на договорениот период на испорака во кој е извршена или подоцна од 60 дена по датумот на кој е утврден износот во испратницата или фактурата што треба да се плати за тој период на испорака, без оглед кој од овие датуми е подоцнежен.
Овие одредби се императивни и не оставаат можност за поинакво договарање, ниту за нивно отстапување по основ на согласност на страните или финансиска состојба на купувачот.
Во конкретниот случај, КОП утврди дека од страна на Тинекс како купувач, постои доцнење при извршување на паричните обврски кон добавувачот ВИВАКС ДОО Скопје, кое ги надминува законски дозволените рокови од 30 односно 60 дена предвидени во член 7 став (6) од Законот.

Согласно се погоре наведено, КОП утврди дека Тинекс не постапува согласно законските обврски кои го определуваат рокот на плаќање на обврските кон добавувачите на земјоделски и прехрамбени производи, а ваквото однесување на Тинекс, преставува прекршок согласно член 26 став (1) точка 2), а во врска со член 7 став (6), став (7), став (8) и став (9) од Законот.

Согласно 26 став (1) точка 2) од Законот, КОП на правното лице кое во својство на купувач кон неговите добавувачи употребува значителна преговарачка моќ со наметнување нефер трговски практики, со решение ќе му изрече глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 6.000 до 12.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 10.000 до 20.000 евра во денарска противвредност за голем трговец, ако не ги почитуваат условите и роковите на плаќање, согласно со членот 7 ставови (6), (7), (8), (9), (10) и (11) од овој Закон.

Согласно 26 став (2) од Законот, КОП на одговорното лице во правното лице за дејствата од ставот (1) на овој член, ќе му изрече глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 200 до 350 евра во денарска

противвредност за среден трговец и глоба во износ од 350 до 500 евра во денарска противвредност за голем трговец.

Согласно член 28 став (1) од Законот, во одмерувањето на износот на глобата, КОП ќе ги земе во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и опсегот на повредата и последиците предизвикани со прекршокот.

Согласно 28 став (2) од Законот, КОП при одмерување на глобата најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го приспособува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности.

Согласно 28 став (3) точка 2) од Законот, КОП при одмерување на глобата го зема во предвид фактот дека сторителот на прекршокот ефективно соработуваше со КОП.

Имајќи го предвид видот на прекршокот, кој согласно член 26 став (1) точка 2) од Законот истиот е квалификуван како потежок прекршок, при што КОП оцени дека е оправдано изрекувањето на глоба во износ од 10.000,00 евра за правното лице и глоба од по 350,00 евра за секое од одговорните лица во правното лице.

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од триесет (30) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р. Борче Размоски**